Република Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

[redacted]

Архивски бр. 11-866/14
Дата: 09.06.2015

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Кабинет на министерот
Министер, NURHAN IZAIRI
- тука

Предмет: Достава на извештај од Комисијата за изработка на извештајот на соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје

Почитуван г-ин Министер,

Во прилог Ви го доставуваме извештајот на комисијата и образецот од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје, изготвени од Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово.

Со почит,

Изготвил: Влатко Цветаноски
Контролирал: Александар Петковски
Согласен: Билјана Петкоска

**Управа за животна средина**
**Директор**
**Игор Трајковски**

Прилог:

- Извештајот на комисијата;
- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје;

Република Македонија
**Министерство за животна средина**
**и просторно планирање**

[redacted]

Архивски бр. 11-866/14
Дата: 09.06.2015

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

До: Кабинет на министерот
Министер, NURHAN IZAIRI
- тука

Предмет: Заклучок на Извештај за соодветност на Студијата за оцена на влијанието врз животна средина за проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје

Почитувани,

Врз основа на член 86 став 1 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/08, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014 и 44/15) и член 4 од Правилникот за формата, содржината, постапката и начинот за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието на проектот врз животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 33/06), Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, на ден 06.05.2015 година изготви

**ИЗВЕШТАЈ**

за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово

Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина, врз основа на Студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово изработена од "ЕМПИРИА ЕМС" ДООЕЛ од Скопје, со одговорно лице за изготвување на студијата за оцена на влијание врз животната

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

средина м-р Константин Сидеровски, за потребите на инвеститорот "САРДИЧ МЦ" ДООЕЛ од Скопје оцени дека инвеститорот има намера да проектира, изгради и да стопанисува со нов рударски комплекс за производство на катоден бакар на наоѓалиштетото на бакар во подрачјето на локалитетот Казандол, во општината Валандово во југоисточниот регион на Република Македонија. Проектот за воспоставување на предложениот рударски комплекс ќе се реализира во опфатот на концесискиот простор за геолошки истражувања, чија вкупна површина изнесува 28,98 $km^2$. Површината на концесискиот простор за експлоатација изнесува 1508 хектари (околу 15 $km^2$). Комплексот ќе произведува до 4.000 тони бакар на годишно ниво. Предложениот рударски комплекс за производство на катоден бакар вклучува две взаемно поврзани групи на активности:

1. Ископ – експлоатација на метлична минерална суровина, преку површински коп, и
2. Технолошки процес за производство на катоден бакар во преработувачки технолошки комплекс. Овој технолошки процес вклучува два посебни функционални сегменти: (i) геотехнолошки комплекс и (ii) преработувачки комплекс.

Во Студијата анализирани се можните влијанија во фаза на изградба и оперативна фаза како: површински и подземни води, воздух, почва, создавање на отпад, бучава, вибрации, биолошка разновидност, ефекти врз предел и визуелни ефекти, социо – економски влијанија, влијание врз земјоделските активности и културно наследство. Аналогно на анализираните можни влијанија врз животната средина, анализирани се мерки за ублажување на влијанијата во глава 9 од Студијата за оцена на влијанието врз животната средина кои според наша оцена се соодветни и апликативни, предвидено е управување и мониторинг на животната средина во глава 10 и Планирање на одговор во вонредни ситуации во глава 11 од Студијата за ОВЖС.

- Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово го задолжува инвеститорот согласно точката 9.8.2. Управување и мониторинг

[redacted]

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

на животната средина да изготви секторски планови за управување, индетификувани во Студијата за оцена на влијание врз животната средина и од мониторнинг на ефикасноста на мерките вградени во време на проектирањето како и мониторинг на оперативната ефикасност на проектот. Тоа подразбира вкупниот План за управување со животната средина, кој што е даден во Студијата за оцена на влијание врз животната средина да се дополни со следните секторски планови и програми :

- План за управување со водите
- План за безбедност и здравје
- План за контрола на бучава
- Програма за управување со отпад
- План за спречување на истекувања, контрола и противмерки
- План за дејствување во вонредни состојби
- План за управување со отпад од минерални суровини
- План за упарвување со експлозии (по потреба)
- План за управување со отпадни води
- План и секторски програми за мониторинг
- План за затварање и ремедијација на инсталацијата
- План за мониторинг по затворање на инсталацијата

Гореспоменатите планови во соодветна фаза од проектот да бидат доставени до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање на увид.

Исто така Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово смета дека е потребно да се задолжи инвеститорот по добивање на соодветните одобренија од надлежните институции (одобрение за експлоатација од Министерство за Економија и одобрение за градење од Министерство за транспорт и врски) да изготви и достави Акционен план за спроведување на идни активности и обврски, со соодветни фази на вклучување и известување на МЖСПП.

[redacted]

- Комисијата за изработка на извештајот за соодветноста на студијата за оценка на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, му предлага на Министерот за животна средина и просторно планирање да издаде решение со кое се дава согласност на барањето за спроведување на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово, во согласност со предложените мерки за спречување и намалување на влијанија врз животната средина и природата.

Република Македонија
Министерство за
животна средина
и просторно планирање

Бул."Гоце Делчев" бр.18
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3251 400
Факс. (02) 3220 165
Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. moepp.gov.mk

**Комисија:**

1. Влатко Цветаноски ____________
2. Билјана Петкоска ____________
3. Александар Петковски ____________
4. Илбер Мирта ____________
5. Влатко Трпески ____________
6. Даринка Јантинска ____________
7. Назим Алити ____________

Прилог:

- Образец од извештајот за соодветноста на студијата за оцена на влијанието врз животната средина на проектот: Рударски комплекс за производство на катоден бакар - Казандол во општина Валандово.